РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3435/9
12-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3910/1 од 16.01. 2020 година, оформен по доставена пријава по електронска пошта, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _____________, поранешен генерален директор на ___________, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по издадените прекршочни платни налози број 08-3435/4 од 10.12.2021 година и број 08-3435/6 од 10.12.2021 година е постапено од страна на именуваната, односно се платени половина од утврдените глоби во истите.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот број 08-3910/1 од 16.01. 2020 година е оформен по доставена пријава по електронска пошта во која се укажува дека лицето _____________, по поднесување на оставка од функцијата Претседател на Надзорниот одбор на ______________ како и по назначувањето за Генерален директор на ______________ нема поднесено анкетен лист што е законска обврска, поради што ДКСК треба да и изрече соодветна санкција.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, изврши увид во својата евиденција и побара податоци и информации од _____________.

Од увидот во својата евиденција ДКСК констатира дека _____________ до ДКСК единствено поднела анкетен лист по избор за претседател на Надзорен одбор на ___________ на ден 06.09.2017 година.

По разгледување на прибавените податоци од ______________ и од увидот во својата евиденција ДКСК утврди дека:

_____________ на ден 25.07.2019 година поднела неотповиклива оставка од функцијата член и претседател на Надзорнниот одбор на _____________ и при тоа нема поднесено анкетен лист по престанок на наведената функцијата но е настаната застареност за поведувањето и водење прекршочна постапка.

Со Одлука од 26.07.2019 година _____________ е именувана за член и претседател на Управниот одбор на _____________ со назив Генерален директор и при тоа нема поднесено анкетен лист по изборот на наведената функцијата но е настаната застареност за поведувањето и водењето прекршочна постапка.

Со Одлука од 01.12.2020 година ______________ е отповикана од функцијата член и претседател на Управниот одбор на ______________ со назив Генерален директор и при тоа во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата нема поднесено анкетен лист до ДКСК.

За наведениот прекршок ДКСК на именуваната и издаде и достави прекршочен платен налог број 08-3435/4 од 10.12.2021 година.

Со Одлука од 01.12.2020 година _________ е избрана за член на Управниот одбор на ____________ кој ќе ја извршува работата на Заменик на Генералниот директор и при тоа во законски предвидениот рок по изборот на функцијата нема поднесено анкетен лист до ДКСК.

За наведениот прекршок ДКСК на именуваната и издаде и достави прекршочен платен налог број 08-3435/6 од 10.12.2021 година.

Од увидот во порталот на Министерството за финансии https://e-trezor.finance.gov.mk/, е утврдено дека од страна на ___________ е постапено по издадените прекршочни платни налози односно е платена половина од глобата изречена во истите.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: Н.Б.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**